SYMPOSION

**П О К А Н А**
**за учество во дводневна работилница на тема:**

# ВИДОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ВРАБОТУВАЊАТА НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, УНАПРЕДУВАЊЕ И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**(13 и 14 септември 2018 година, хотел „Сириус“ Струмица)**

Ве покануваме да земете учество во тематската работилница што Симпозион ја организира на **13 и 14 септември 2018** г. во **хотелот „Сириус“ – Струмица**.

Во рамките на дводневната работилница, при обработка на темата **вработување во јавниот сектор**, ќе бидат презентирани **законските решенија и практичната примена на видовите вработувања** (на неопределено и определено време, со полно и неполно работно време). Посебен акцент ќе биде ставен на **постапката за вработување на административен службеник** (со детално објаснување на фазите на селекција – административна селекција, испит за административен службеник и спроведување интервју), на што му претходи донесувањето годишни планови за вработување на институциите.

Во текот на работилницата ќе биде разработена и **постапката за унапредување на административните службеници** преку презентирарање на начинот на објавување на интерен оглас, формата, содржината и начинот на доставување, составот на комисијата за унапредување и одлуката за избор, како и решението за унапредување административен службеник.

Разработката на темата за стручно усовршување на административните службеници ќе ги опфати видовите обуки за административни службеници (генерички и специјализирани), изработката на годишната програма за генерички обуки за административни службеници и годишните планови за обука и менторство кај институциите од јавниот сектор. Посебен акцент ќе биде ставен на испитот за административно управување.

Теоретските презентации на предавачите ќе бидат проследени со дискусии и размена на практични искуства, со што ќе се унапредат Вашите знаења и вештини на оваа тема.

Почитувани, Ве информираме дека, **доколку се пријавите и извршите уплата до 30 август 2018 година, добивате 10% попуст на вкупниот износ.**

- Котизацијата за работилницата изнесува 6.950 денари + 18% ДДВ. За предвремена уплата (**до 30 август**), следува **попуст од 10%**, со што цената за котизација изнесува **6.255,00 денари + 18% ДДВ**.

  **Цената за котизација вклучува:** користење конференциска сала и техничка опрема, кафе-паузи, сертификат за учество, работен материјал, како и непосредна комуникација со предавачите за надминување на Вашите прашања и дилеми.

Друштво за едукација, консалтинг
и други интелектуални услуги
СИМПОЗИОН ДОО – Скопје
ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
**e-mail:** info@simpozion.mk
**тел.:** 078 271 576
www.simpozion.mk

- Цената за аранжманот по лице изнесува 6.950,00 денари, со вклучен ДДВ (за еднокреветна соба) и 6.500,00 денари со вклучен ДДВ по лице (во двокреветна соба). За предвремена уплата (**до 30 август**), следува **попуст од 10%,** со што цената по лице изнесува **6.255,00 денари со вклучен ДДВ** (за еднокреветна соба) и **5.850,00 денари со вклучен ДДВ по лице** (во двокреветна соба). Цената на аранжманот вклучува два полни пансиони, користење *Spa&Wellnes* центар и туристичка такса. Сместувањето е во хотел **Сириус******** **– Струмица** (www.Hotel-Sirius.com.mk).

Заради квалитетот на работилницата, бројот на учесници е ограничен. Затоа, доколку сакате да бидете дел од истата, Ве молиме да го пополните пријавниот лист, кој Ви го испраќаме во прилог (истиот е достапен и на нашата веб страница), најдоцна **до 10 септември** и да го испратите на следната електронска пошта: info@simpozion.mk

**Информации за уплата на котизација за работилницата**:

Прима: СИМПОЗИОН ДОО – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт бр.54/16, Скопје
Сметка бр. 210-0716353301-03
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
ДБ за ДДВ: МК4080016561868

**Информации за уплата на аранжманот**:

Примач: Хотел „Сириус" – Струмица
Адреса: ул. Маршал Тито бр. 195, Скопје
Сметка бр. 200-0000291285-10
Стопанска банка
ДБ за ДДВ: МК4027999122949

**Контакт тел.:** 078 271 576